МЦМС Билтен

Регионална меѓугранична соработка

# ПОЗИТИВНИТЕ ПРИМЕРИ МОЖНОСТ ЗА НАДГРАДБА

**„Посетата на позитивните примери беше доста добро смислена активност, каде сите имавме можност да се запознаеме со постигнувањата на другите општини", рече, меѓу другото, Џемали Незири од општина Гостивар**

Од 7 до 11 ноември оваа година, во рамките на програмата Регионална меѓугранична соработка (РМС), беше организирана посета на позитивни примери, каде вклучените во програмата ги посетија Гостивар, Призрен, Драгаш и Кукс. Целта на проектот беше јакнење на организациониот и институционалниот капацитет



Учесниците на разменската посета пред зградата на општина Призрен

на општинските структури од трите региони преку практична посета на позитивни примери. Додадена вредност на проектот е можноста за подобро меѓусебно запознавање на општините со нивната работа. Во посетата учество зедоа 20 претставници на единиците на локалната самоуправа и локалните граѓански организации од трите погранични региони, и тоа: општина Кукс од Албанија, општините Призрен и Драгаш од Косово-СЦГ и општината Гостивар од Македонија.

„Посетата на позитивните примери беше доста добро смислена активност, каде сите имавме можност да се запознаеме со постигнувањата на другите општини. Имаме силни впечатоци за постигнатите резултати на нашите колеги. Во Призрен инфраструктурата на патиштата е многу подобрена. Партиципацијата на граѓаните е околу 50%. Го видовме и историскиот објект на „Призренската лига". Во општина Драгаш се планира изградба на скијачки центар, како и довршување на работите околу патот Крушево-Шиштавац, како и самиот пат до границата. Во Кукс бевме изненадени од капиталниот проект на аеродромот, кој е многу значаен објект за регионот. Општо гледано, мислам дека посетата ги исполни целите и има многу позитивни работи, кои ќе ги применуваме во нашата општина", ни кажа Џемали Незири од општина Гостивар.

За време на посетата учесниците се запознаа не само со локалните самоуправи и со локалните граѓански организации, туку и преку теренските посети, посетителите добија можност да се сретнат со позитивни примери од проектите што ги спровеле локалните самоуправи и бизнис-секторот.



Претставниците на трите општини и граѓанска организации во работна посета на општина Гостивар

Во овој број:


- Позитивните примери можност за надградба
- Преку апликации, до нови средства
- Обука за административно работење
- Како да мобилизираме нови фондови
- Партнерства и сиромаштија
- Како до фондовите на ЕУ

Ресоцијализација на поранешните борци

# ПРЕКУ АПЛИКАЦИИ, ДО НОВИ СРЕДСТВА

**Членовите на Здружението на бранителите на Македонија и Здружението на воените ветерани на ОНА ќе посетат повеќе обуки**

Македонскиот центар за меѓународна соработка оваа година почна да ја спроведува програмата Ресоцијализација на поранешните борци. Целта на програмата е да се ресоцијализираат поранешните учесници во воените активности (поранешните борци) во македонскиот конфликт од 2001 г., од двете страни на конфликтот – владините безбедносни сили (Полицијата и Армијата) и припадниците на Ослободителната национална армија (ОНА). Активностите во програмата ќе опфатат обуки за основни вештини (компјутери, англиски јазик, бизнис-вештини и стручна обука), подобрување на можностите за пристап до берзата на трудот (обука на работно место, информации за постоечките кредитни механизми) и градење на капацитетите на нивните здруженија (техничка, програмска и оперативна поддршка), како и обуки за раководење со проектен циклус наменети за нивните активни членови.

Една од обуките, Раководење со проектен циклус, беше организирана за двете здруженија. Едната се одржа во Скопје од 10 до 12 ноември, за Здружението на бранителите на Македонија од Скопје, додека другата во Тетово од 11 до 13 ноември, за Здружението на воените ветерани на ОНА.



Членовите на здруженијата на поранешните борци се здобиваат со нови вештини

Учесниците на обуката се запознаа со фазите на раководењето со проектен циклус, креирањето дрво на проблеми и дрво на цели, логичка рамка, индикатори, како и вежби како се подготвува предлог-проект.

Ацо Стојановски од Здружението на бранителите на Македонија досега нема големо искуство во подготвување проекти. „Стекнатото знаење од обуката се надевам дека ќе го искористам во подготвување проекти, кои ќе ги поднесеме до некој донатор. Соработката и професионалноста ни е потребната основа којашто ни недостасува во нашето работење", ни кажа Ацо.

„Ова е прв проект којшто го спроведуваме. Досега нашето здружение опстојуваше од донации од поединци. Учествувам по првпат на една ваква обука. Кај сите учесници од обуката постои убедување дека некои од проблемите ќе може да ги конкретизираме во некој проект откако ќе заврши обуката. Досега не сме аплицирале кај некој донатор и се надевам дека ќе го скршиме мразот", рече Исен Џемаили, од Здружението на воените ветерани на ОНА.

Обуката во Скопје ја испорача Миодраг Колиќ од МЦМС, додека во Тетово Флорент Бајрами.

Оспособување на заедниците и институциите

# ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ

**Продолжува циклусот обуки за единиците на локалната самоуправа и за здруженијата на граѓани**

Претставници на општините Чешиново-Облешево, Желино и Јегуновце, како и активисти на граѓански организации од овие општини, од 11 до 13 ноември оваа година, во Скопје, беа обучувани за административно работење.

„Имам завршено економски факултет. Досега не сум имал прилика да се сретнам со канцелариското работење, како се средуваат работите. Но ова што го научивме ќе треба понатаму да го работиме. Се надевам обуката, бидејќи сум и невработен, ќе ми послужи во организацијата или можеби и да се вработам некаде со знаењата што ги стекнав. Обуката ми се допадна бидејќи имаше доста практични вежби, кои ми помогнаа полесно да ја совладам материјата", ни рече Далибор Антовски од Друштвото на екологистите од Јегуновце.

На обуката учесниците се запознаа со поимот, улогата и значењето на архивското работење, со значењето на изразите, со дијаграм на фази на дејства на канцеларискиот работење, со начинот на изработка на актите, со вреднувањето на актите, со план на архивски знаци за распоредување на актите, со листа на архивска граѓа од трајна вредност, со листа на документарен материјал со рокови на чување и со обработка на теми од областа на архивирањето.



Вежбите на обуката беа значајни за учесниците

Обуката ја испорача Валентина Чичева од МЦМС.

10-та Работилница за мобилизирање фондови

# КАКО ДА МОБИЛИЗИРАМЕ НОВИ ФОНДОВИ



Извадоци од кампањите кои конкурираа за Наградата беа изложени за време на работилницата

Претставници на Македонскиот центар за меѓународна соработка од 9 до 11 ноември учествува на Работилницата за мобилизирање фондови што се одржа во Будимпешта, Унгарија, во организација на Фондацијата за развој на граѓанското општество од Унгарија. Работилницата се одржува по десетти пат за организациите од Централна и од Источна Европа. Целта е да се споделат информации, искуства и да се добијат знаења за мобилизација на фондови. На работилницата учество зедоа 131 претставник од граѓанските организации од 20 држави од ЦИЕ, но и од светот, како и 29 говорници/фасилитатори од 14 земји.

Во 20 различни работилници во траење од час и половина, потоа 4 прикази на случај, 5 помали панели или тркалезни маси, како и четири пленарни сесии, учесниците имаа можност да ги подобрат своите знаења, но и да „купат" некоја нова идеја за мобилизирање фондови.

Некои од насловите на работилниците беа: „Дизајнирање успешна стратегија за мобилизација на фондови"; „Брендирањето на непрофитните организации"; „Планирање на одржливоста на вашата организација"; „Како да мобилизрате фондови за организации коишто работат со човекови права и застапување"; „Како да планирате и спроведете успешна кампања со директен маркетинг"; „Финансиските ризици за менаџментот на вашата организација"; „Како да го добиете најдоброто од организирањето на настаните"; „Појаснување на улогата на Управниот одбор во мобилизацијата на фондови"; „Можете да ги планирате приходите од мобилизација на фондови со помош на годишни кампањи" итн.

На крајот на работилницата беше прогласена најдобрата кампања за мобилизација на фондови. На натпреварот се пријавиле 25 организации од 9 земји од централна и источна Европа. Наградата ја доби „Доброта" од Украина за нивната кампања „Секој може да биде филантроп". Специјални награди им беа доделени на Хрватските кучиња водичи и мобилната асоцијација за кампањата „Без куче водич сите улици се слепи"; на Рекс, Фондацијата за засолниште за кучињата од Унгарија за кампањата „Милениците не се играчки"; на Бугарскиот црвен крст за кампањата „Грижа за партнерите од мрежата" и на Хоспис-Куќа на надежта од Романија за кампањата „Недела на еделвајзите" и Босански рачни работи за кампањата „Купување со цел".

**Работилниците беа организирани во 3 главни теми, и тоа: Подобрување на ефективноста - стратешко размислување за мобилизација на фондови; Подобрување на ефикасноста - најдобри и најнови техники за мобилизација на фондови; и, Организациска ефективност за мобилизација на фондовите. Истовремено се случуваа по 4 или 5 работилници и еден панел или тркалезна маса.**



Предавачите имаа една сесија на која разработуваа идеји на конкретни прашања и проблеми за мобилизација на фондови

Публикации

# ПАРТНЕРСТВА И СИРОМАШТИЈА

Новиот број на Граѓански практики е посветен на „Партнерствата" и „Сиромаштијата".
За партнерствата во граѓанскиот сектор во Македонија често можат да се слушнат констатации дека организациите меѓусебно не соработуваат. Сепак, поновата историја на граѓанско организирање нуди безброј примери на успешни партнерства. Можеби мал дел од нив се стратешките, долгорочни партнерства, а поголем дел се однесуваат на партнерство во спроведување еден проект или програма, но сепак организациите создаваат партнерства. Затоа МЦМС реши да ги поттикне авторите да пишуваат на оваа тема.
Големиот општествен проблем, сиромаштијата, исто така е дел од овој број. Во намалувањето на сиромаштијата, според Проценката на граѓанското општество во Македонија (2004-2005) на ЦИВИКУС-Индексот на граѓанското општество во Македонија, граѓанските организации не се впуштаат. Анализи на оваа тема ги разгледуваат теоретските акпекти на сиромаштијата, но даваат и насоки за нејзино ублажување, притоа посебно задржувајќи се на улогата на граѓанското општество и неговите можности и потенцијали во намалувањето на сиромаштијата.
МЦМС се надева дека и овој пат „Граѓански практики" ќе покренат дискусии за прашањата што се анализираат затоа што токму тоа е нашата намера, да ги поттикнеме размислувањата и дебатирањата за прашањата за коишто сметавме дека се важни не само за граѓанскиот сецтор, туку и за државата воопшто.



## Публикации

# КАКО ДО ФОНДОВИТЕ НА ЕУ




Граѓанските организации се соочуваат со проблемот на намалени донации. Главната ориентација за мобилизирање фондови треба да бидат фондовите на Европската Унија.
За полесно снаоѓање во лавиринтите на европската помош, МЦМС подготви прирачник „Надворешната помош од ЕУ и Македонија".
Од прирачникот можете да дознаете: кои се клучните институции во ЕУ поврзани со помошта, како се раководат фондовите, кој е проектниот циклус на ЕУ, какви се рамките за соработка на ЕУ со Македонија, кои се програмите и финансиските инструменти на ЕУ и уште многу други корисни информации.
Прирачникот можете да го купите во МЦМС за 150 МКД.
Искористете ги информациите, искористете ги фондовите на ЕУ.

## Органи и тела на МЦМС

# УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Македонскиот центар за меѓународна соработка ја одржа редовната 10. седница на 7 ноември 2005 г.
На седницата УО го утврди предлог-извештајот за работа за периодот јули-септември 2005 година. Исто така, беше прифатена предлог-програмата Споделување на моќта во општините (2005-2006), бр. 05-13 СПО 000.
На истата седница Управниот одбор го одобри и завршниот извештај за програмата Јакнење на партнерите на Косово (2003 – 2004), бр. 03 12 ЈПК 000. Беше одобрена измената на проектот Водоснабдување за с. Калаузлија, општина КРБ, бр. 05-08 ВСЗ 101; се верификува итното одобрување на проектот Водоснабдување на село Оџалија, општина КРБ, бр. 05-08 ВСЗ 106, а се одобрија и предлог-проектите: Истражување за образовната состојба на Ромите, бр. 05-08 ПОР 301; Двојазични училишни материјали, бр. 05-08 ПОР 302; Институционално јакнење на КРЦ, бр. 05 12 РМС 402; Техничка поддршка на верските заедници, бр. 05-10 МСМ 104; Меѓуверски календари, бр. 05-10 МСМ 202.
Управниот одбор ги одобри и завршните извештаи: Претпроектни активности за село Копанце, општина ЈГН, бр. 05 08 ОЗИ 106; Организациска поддршка за ЗНМ, бр. 03-10 СМР 101; и, Истражување за земјоделските советодавни услуги во Македонија, бр. 05-13 ФСИ 201.

## Основач и издавач: МЦМС

•Претседател на Издавачкиот совет: **Зоран Костов**

•Редакција на МЦМС Билтенот: **Сашо Клековски** (главен и одговорен уредник), **Гонце Јаковлеска** (одговорен уредник), **Даниел Медароски** (лектор)

•Дизајн: **КОМА** лаб. - Скопје

•Тираж: 1.100 примероци

•Печати: Печатница **„Борографика"** - Скопје

Според мислењето на Министерството за култура на Македонија бр. 08/1-4/354 од 21.03.1997 за публикацијата „МЦМС Билтен" се плаќа повластена даночна стапка. ISSN 1409-6072

